# ПРВО ИЗДАНИЕ НА НАГРАДИТЕ НА АКАДЕМИЈАТА ОД ФАРМА ДО ВИЛУШКА

УПАТСТВА И ФОРМУЛАР ЗА АПЛИКАЦИЈА

## Вовед

Наградите на Академијата Од фарма до вилушка (F2F) претставуваат важен момент во регионалниот проект „Академија Од фарма до вилушка за Зелен Западен Балкан – Нашата заедничка европска иднина" финансиран од Европската унија и заеднички имплементиран од семејството Мрежи за рурален развој (МРР) во шест земји од Западен Балкан (ЗБ-6) и Хрватска и нивната платформа за регионална соработка Балканска мрежа за рурален развој (BRDN) (Линк до табели со податоци за проектот https://ruralnet.mk/File_Storage/44f46994-e0d8-4ed9-b624-e7f446c10864_Fact_Sheet_Farm_to_Fork_Academy_for_Green_Western_Balkans_MK.pdf )

„Наградите на Академијата Од фарма до вилушка (F2F) имаат за цел да ги препознаат и промовираат успешните иницијативи, практики и модели што придонеле за одржливо земјоделство, рурален развој, заштита на животната средина и зачувување на биодиверзитетот, а биле применети од различни рурални чинители, конкретно граѓански организации, локални власти и истражувачки институции. Наградите ќе послужат како инструмент за охрабрување на чинителите да ги споделат своите успешни приказни, да ги инспирираат и мотивираат другите да ги прифатат одржливите практики и да придонесат за зелена и праведна транзиција во регионот на Западен Балкан (WB-6).

## Процес

Наградите на Академијата Од фарма до вилушка (F2F) ќе се придржуваат до добро структуриран и инклузивен процес што ги вклучува следниве фази:

- *Фаза 1: Информирање и пријавување*

На почетокот ќе биде објавен јавен повик за апликации со којшто ќе бидат поканети граѓанските организации, фарми, училишта, локални власти, и истражувачки институции да ги пријават своите тековни или имплементирани иницијативи, практики и модели поврзани со иновативни и одржливи решенија за некоја од категориите награди. Повикот ќе биде широко дистрибуиран преку различни комуникациски канали, како на пример платформи на социјални медиуми, вебстраници на Мрежите за национален рурален развој (NRDN) и е-адреси. Процесот на аплицирање и евалуација ќе бидат убаво појаснети за да се олесни поднесувањето на апликациите.

- *Фаза 2: Евалуација на апликациите*

Национален одбор составен од четири членови ќе ги анализира и евалуира практиките, иницијативите и моделите пријавени од граѓански организации, фарми, училишта, локални власти, и истражувачки институции. Одборот ќе ги вреднува апликациите врз основа на резултатите што се веќе постигнати. Евалуацијата ќе се заснова на претходно дефинирани критериуми, вклучително и влијанието на животната средина и биодиверзитетот, одржливоста, иновацијата и можноста за пресликување. Одборот ќе ја прегледа и бодува

секоја апликација и ќе ги селектира најдобрите номинации во секоја категорија водејќи сметка процесот на оценување да биде фер. Сите најдобро номинирани ќе бидат известени за нивниот статус и од нив ќе биде побарано да подготват кратка видео презентација за иницијативата во траење од две минути. Овие видеа ќе послужат како платформа за да ја претставаат номинираните својата работа и да ги поттикнат другите.

➢ *Фаза 3: Доделување на наградите и промоција*

Победниците на Наградите на Академијата Од фарма до вилушка (F2F) ќе бидат објавени на важни национални настани – Национални рурални парламенти (што се одржуваат секоја втора година во секоја земја од Западен Балкан). Церемонијата на доделување на наградите ќе послужи како платформа за оддавање признание на напорите и достигнувањата на победниците и споделување на нивните успешни приказни со поширокта публика. Победниците ќе добијат сертификати за признание и симболичен стимул за понатамошна промоција и проширување на нивните одржливи практики.

## Кој може да аплицира.

Наградите на Академијата Од фарма до вилушка ќе бидат насочени кон локалните рурални чинители, вклучително граѓанските организации, фармерите, здруженијата на фармери, кооперативите, единиците на локалната самоуправа, училиштата и истражувачките институции.

## Критериуми за доделување на наградите:

- <u>Иновативен карактер на идејата/проектот:</u> проектот не треба да биде „рутинска работа“, туку треба да демонстрира нови пристапи, нови методи на организација или развој на нови (или значително) подобрени резултати во органско производство.
- <u>Столбови на одржливост (амбиентална, општествена и економска) на проектот</u>: Проектот треба да ја демонстрира својата одржливост со детално образложение на пристапот кон секој од столбовите на одржливост во 3 различни поглавја.
- <u>Преносливост и можност проектот да се примени на друго место</u>: Проектот треба да покаже дека инспирира или може да инспирира други места каде што би можел да биде имплементиран.
- <u>Вредност на вмрежување</u>: Проектот треба да демонстрира додадена вредност на синергии, поврзувања со слични акции, чинители, организација итн.
- <u>Инклузија на млади луѓе (помлади од 40 години)</u>: Проектот треба да биде инклузивен за млади луѓе од областа со цел да се зајакне важноста на улогата на младите во одржливото земјоделство и да се поддржи развојот на рурални вештини кај младите.

## Причини за апликација.

Ова е идеална прилика да се придонесе за поголема свесност во јавноста за редизајнирање на нашите прехранбени системи, коишто денес се причина за речиси една третина од глобалните емисии на стакленички гасови, трошат големи количини на природни ресурси, предизвикуваат загуби во биодиверзитетот и негативни влијанија врз здравјето, и не допуштаат фер економски приходи и средства за живот за сите актери, за примарните производители.

Дали имате развиено и имплементирано одличен, иновативен, одржлив проект што може да се пресликува за оваа цел? Дали сакате јавноста да биде подобро запознаена со овој проект?

Ако одговорот на кое и да било од погоре наведените прашања е 'да', би требало да размислите за аплицирање на првото издание на Наградите на Академијата Од фарма до вилушка (F2F), спореден настана на Руралниот парламент. Ако победите, ќе добиете симболичен паричен надомест, што ќе ве мотивира да ја проследите вашата идеја на национално ниво.

## Категории на награди Од фарма до вилушка (F2F)

Потенцијалните категории за номинација за практики, иницијативи и модели што придонеле за одржливи прехранбени системи и средства за рурален живот се следниве:

1. Одржливо земјоделство и рурален развој
2. Заштита на животната средина & зачувување на биодиверзитетот
3. Ублажување и адаптација на климатските промени

## Состав на Одборот за доделување на наградите на Академијата Од фарма до вилушка (F2F)

Одборот ќе се состои од четири членови, претставници од различни институции. Се предлага следниов состав на одборот:

- Еден претставник номиниран од Мрежите за национален рурален развој (NRDN).
- Еден претставник номиниран од Министерството за земјоделство и рурален развој.
- Еден претставник номиниран од Универзитетот за земјоделство.
- Еден претставник од фармерските заедници.

## Настани поврзани со Наградите на Академијата Од фарма до вилушка (F2F)

- Три национални награди се планира да бидат презентирани на настаните на Националниот рурален парламент во секоја земја.

## Временска рамка на Академијата Од фарма до вилушка (F2F):

| **Датум** | **Опис** |
|---|---|
| 30 јануари 2025 | Објавување на повикот |
| 15 март 2025, | Краен рок за поднесување на апликациите |
| До 3 март 2025 | Конституирање на Национален одбор |
| До 15 април 2025 | Евалуација на апликациите од Националниот одбор |
| До 1 мај 2025 | Информирање на победниците |
| Настан по настан во текот на 2025-2026 | Церемонија на доделување на наградите на националниот Рурален парламент или некој друг важен национален настан организиран од Мрежите за национален рурален развој (NRDN). |

## Формулар за апликација:

Заинтересираните чинители ќе бидат повикани да го пополнат Формуларот за апликација, којшто ги содржи следниве сегменти:

- Опишете ја вашата иницијатива/практика/метод/итн. (што, кој, кога, каде).
- Опишете ја релевантноста на вашата иницијатива (зошто).
- Општествените, економските придобивки и придобивките за животната средина од вашата иницијатива/практика/метод/

Апликациите треба да бидат поднесени само преку линкот подолу.
Вашите лични податоци ќе бидат заштитени и нема да им бидат достапни на трети страни без ваша претходна согласност.
Кликнете овде за да го пополните електронски Формуларот за апликација.